Republic of North Macedonia
Government of the Republic of North Macedonia

European Bank for Reconstruction and Development

JOINT SDG FUND

UNITED NATIONS NORTH MACEDONIA

**Заедничка програма на ОН „Зелен финансиски инструмент за подобрување на квалитетот на воздухот и борба против климатските промени во Северна Македонија“**
**(Зелен финансиски инструмент)**

**Заедничката програма**: Заедничката програма на ОН „Зелен финансиски инструмент“ е пионер на иновативен финансиски механизам кој обезбедува пристап до поволни финансии за малите и средни претпријатија (МСП) и недоволно опслужените домаќинства во Северна Македонија. Цел е да се стимулираат инвестиции во обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност за да се забрза усвојувањето на зелени решенија, да се подобрат иновациите, да се намали употребата на енергија, и да се придонесе за подобар квалитет на воздухот и борба против климатските промени.

**Зошто:** Повеќе од 60% од електричната енергија во Северна Македонија се произведува од јаглен, со многу ограничена употреба на обновливи и ефикасни извори на енергија. Како резултат, Северна Македонија, и нејзиниот главен град Скопје, имаат некои од највисоките нивоа на загадување во Европа, на пример, загадувањето на воздухот во Скопје од 40 µg/m3 во 2018 година беше 60% повисоко од упатствата на ЕУ и четирипати над лимитот кој се смета за здрав од Светската здравствена организација (СЗО). Климатските промени ќе го влошат овој проблем, што го прави неопходно усвојувањето на обновливи извори на енергија и енергетската ефикасност во домовите и бизнисите.

**Што:** Со обезбедување финансии за инсталирање обновлива и ефикасна енергетска технологија за недоволно опслужени домаќинства и бизниси, Програмата за зелени финансии има за цел да додели заеми и техничка помош за инвестиции во обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност на 105 бизниси и 650 домаќинства и да го зголеми производството на обновлива енергија во Северна Македонија за 10.7 MW во текот на четири години. Програмата, исто така, се очекува да резултира со избегнување на 80.000 тони емисии на стакленички гасови и заштеда од 86.000 MWh енергија.

**Како:** Програмата поддржува заеми за домаќинства и МСП за усвојување обновливи и ефикасни енергетски решенија. За да се поттикне прифаќањето на овие заеми, таа ќе понуди и техничка помош и исплати базирани на успешност на зајмувачите. Заемите ќе се дистрибуираат до домаќинства и бизниси преку локални финансиски институции (ФИ), со приоритет за жените, домаќинства со самохрани родители, како и домаќинства кои примаат дознаки или имаат повратници.

**Финансиски инструменти:** За најдобро да им служи и на домаќинствата и на малите и средни бизниси (МСП), програмата користи малку поинаква структура за едните и другите целни корисници. За малите и средните претпријатија, инструментот обезбедува кредитна линија за партнерските финансиски институции (банки и лизинг друштва). Инструментот, исто така, обезбедува 3,9 милиони УСД за техничка помош и ex-post плаќања засновани на перформанси (PBPs). ПБП за МСП ќе биде до 10% од износот на заемот. За домаќинствата, инструментот обезбедува заеми од 6,5 милиони УСД преку локалните банки, со очекувана стапа на поврат од 5-6%. Ова е надополнето со грант засновани на успешност во износ од 30% од износот на заемот.

**Клучни корисници** - Малите и средни претпријатија, недоволно опслужените домаќинства, вклучувајќи ги домаќинствата со жени и самохрани родители и домаќинствата на повратници и приматели на дознаки од странство.

**Фонд и донатори-** „Зелениот финансиски инструмент за подобрување на квалитетот на воздухот и борба против климатските промени во Северна Македонија“ е финансиран од Заедничкиот фонд на ОН за целите за оддржлив развој (UN Joint SDG Fund). Сите програми на Заедничкиот фонд се водени од Постојаните координатори на ОН и се спроведуваат од агенциите, фондовите и програмите на развојниот систем на ОН.

Со благодарност за придонесите од Европската унија и владите на Белгија, Данска, Германија, Ирска, Италија, Луксембург, Монако, Холандија, Норвешка, Португалија, Република Кореја, Саудиска Арабија, Шпанија, Шведска, Швајцарија, и приватни финансиери– за трансформативно движење кон целите за одржлив развој до 2030 година.

**Времетраење** – мај 2022 –март 2026

**Контакт**: gff@undp.mk

**Имплементатори**: